# Јавен повик до граѓански организации за доделување
# Акциски грантови за локални иницијативи

**Датум на објава на повикот:** 2 септември 2024 година

**Краен рок за аплицирање**: 30 октомври 2024 година до 17:00 ч

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

пристигнати на линијата за поддршка info@rcgo.mk до предвидениот рок 10.10.2024 г.
и поставени за време на информативните сесии во Гостивар, Штип, Битола и Скопје одржани од 20-25.09.2024

Проектот е финансиран од Европската Унија

Во продолжение се објавени прашањата и одговорите во врска со јавниот повик до граѓански организации за доделување *Акциски грантови за локални иницијативи*, пристигнати на линијата за поддршка info@rcgo.mk до предвидениот рок 10.10.2024 и поставени за време на информативните сесии одржани во Гостивар, Штип, Битола и Скопје од 20-25.09.2024
Одговорите ги обезбеди тимот на Граѓанскиот ресурсен центар.

| **Прашања пристигнати на линијата за поддршка info@rcgo.mk до 10.10.2024** | |
|---|---|
| П.1.1.<br>Дали ко-апликант на оваа апликација може да биде јавно претпријатие? | Не. Во Упатството за аплицирање на повикот до граѓански организации за доделување грантови (Референтен број: 08-32/3-2024), во делот 2.1. Подобност на апликантите, поточно во 2.1.2. Ко-апликанти е наведено дека меѓу другите, ко-апликантот **мора** да го исполнува и следниов критериум за подобност:<br>- да биде **регистриран** во Република Северна Македонија **согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ)** |
| П.1.2.<br>Како да станеме апликативни на „Повик за апликации – акциски грантови за локални иницијативи“ со тоа што ги немаме посетено претходно предвидените информативни сесии и обуки кои се бараат во самиот повик за апликации. | Можете да се регистрирате за онлајн обуките во рамки на Академијата и да ги поминете сите онлајн обуки достапни на следниот линк: https://rcgo.mk/akademija/<br>Се регистрирате на соодветните дадени линкови за секоја обука и истите ќе ви стасат на е-маилот што го имате пријавено.<br>Онлајн алатката за организациска самооценка е достапна на следниот линк https://rcgo.mk/samoocenka/ и треба да ја пополните истата пред да аплицирате на повикот за грантови.<br><br>Информативните сесии за повикот не се задолжителни. Тие имаа за цел присутните да слушнат повеќе детали за повикот, а воедно имаа можност да постават прашања како и да ги слушнат другите прашања што беа поставени во врска со повикот. |
| П.1.3.<br>Дали како здружение кое е ново формирано со датум на регистрација во | Во Упатството за аплицирање на повикот (референтен бр. 08-32/3-2024) во дел 2.1.1 Носител на апликација од 2.1. |

Проектот е финансиран од Европската Унија

| | |
|---|---|
| централен регистар од 31.07.2024 г. сме подобни за користење на овие средства и дали имаме право на учество како можен апликант?<br>Заинтересирани сме за учество на повикот за Акциски грантови за локални иницијативи преку вашиот центар со рок за поднесување до 30.10.2024г. | Подобност на апликантите, стои: „За да биде подобен за грант во рамките на овој повик, носителот на апликацијата мора да ги исполнува следниве услови:<br>- да биде регистриран во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ);<br>- **да е регистриран најмалку една година пред објавата на повикот;**<br>- годишниот буџет во последната година (2023) да не надминува 50.000 евра;<br>- да ги има завршено сите онлајн обуки од ГРЦ Академијата (Обука за планирање проекти и пишување проектна апликација, Стратешко планирање, Односи со јавност, Добро управување и Транспарентност и отчетност)<br>- да го има пополнето прашалникот за самооценка на организациските капацитети пред да аплицира за овој повик".<br><br>Во дел 2.1.2. Ко-апликант е наведено: „Ко-апликантот мора да ги исполнува следниве критериуми за подобност:<br>- да биде регистриран во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ)<br>- годишниот буџет во последната година (2023) да не надминува 20.000 евра;<br>- да ги има завршено сите онлајн обуки од ГРЦ Академијата (Обука за планирање проекти и пишување проектна апликација, Стратешко планирање, Односи со јавност, Добро управување и Транспарентност и отчетност)<br>- да го има пополнето прашалникот за самооценка на организациските капацитети пред да аплицира за овој повик<br>- да дејствува на локално ниво (според Статутот); |

Проектот е финансиран од Европската Унија

| | |
|---|---|
| | Следствено, **во критериумите за подобност на ко-апликантот нема критериум колку години мора да е регистрирана организацијата за да се јави на апликацијата како ко-апликант. Носителот на апликацијата мора да е регистриран најмалку една година пред објавата на повикот.** |
| П.1.4.<br>Во врска со горенаведениот повик, во Упатството за аплицирање во точката Критериуми за подобност постои критериум дека апликантот мора да ги има завршено сите онлајн обуки на ГРЦ Академијата.<br>Доколку е можно би сакал да добијам повеќе информации за тие обуки, начин на аплицирање, термини и слично. | Онлајн обуките од Академијата се достапни на следниот линк: https://rcgo.mk/akademija/<br>На овој линк имате вкупно пет обуки на различни теми што треба да ги поминете и тоа: обука за односи со јавноста, обука за планирање проекти и пишување на проектна апликација, обука за добро управување во граѓанска организација, обука за транспарентност и отчетност на граѓанските организации и обука за стратешко планирање за граѓанските организации.<br>За секоја од овие пет обуки треба да се регистрирате, при што, кај име на организација треба да го ставите името на вашата организација. Потоа на е-маил ќе ви стасаат сите сесии од обуките за да ги слушате во време кога вам ви одговара. На крај треба да ви стасаат известувања за секоја обука дека успешно сте ги поминале обуките. |
| П.1.5.<br>Во врска со обврската Апликантот да ги има реализирано посочените онлајн обуки, дали е можно тие да се реализираат сега, во овој период до рокот за аплицирање? | Со цел да ги поминете потребните онлајн обуки ќе ви требаат 12 дена. Имајте предвид дека можете да се регистрирате за повеќе онлајн обуки во ист ден, а да ги слушате согласно вашето слободно време.<br>Рокот за аплицирање за овој повик е 30 октомври 2024. |
| П.1.6.<br>Почитувани, по прочитаното упатство за повикот со референтниот број 08-32/3-2024 сакаме да поставиме две прашања: | Во Упатството за аплицирање во дел 2.1. Подобност на апликантите, меѓудругото е наведено дека носителот на апликацијата и ко-апликантот треба да ги има |

| | |
|---|---|
| ПРВО: Кој од организацијата треба да ги има посетено овие обуки според долниот критериум?<br><br>2.1.1 Носител на апликација За да биде подобен за грант во рамките на овој повик, носителот на апликацијата мора да ги исполнува следниве услови:<br>- да ги има завршено сите онлајн обуки од ГРЦ Академијата (Обука за планирање проекти и пишување проектна апликација, Стратешко планирање, Односи со јавност, Добро управување и Транспарентност и отчетност)<br><br>ВТОРО: Дали ова доле копирано од упатството се однесува на приходи, расходи или вкупно?<br>- годишниот буџет во последната година (2023) да не надминува 50.000 евра | завршено сите онлајн обуки од ГРЦ Академијата (Обука за планирање проекти и пишување проектна апликација, Стратешко планирање, Односи со јавност, Добро управување и Транспарентност и отчетност). **Во Упатството за аплицирање не е специфицирано кој од организацијата треба да ги има посетено овие онлајн обуки**.<br><br>Во врска со критериумот за подобност поврзан со висината на Годишниот буџет на апликантите во последната година, ве информираме дека на увид ќе се зема предвид висината на приходите кои се наведени во Финансиските извештаи на апликантите за 2023 година (во Биланс на приходи и расходи). Дополнително на ова, проверуваме во Биланс на состојба Обврски за примени донации во пари од меѓународни организации. |
| П.1.7.<br>Дали на овој Повик за апликации може да се аплицира за набавка и споделување на прехрамбени намирници, вработување на готвач за подготовка на оброци за бездомниците, социјално ранливите лица и социјално загрозени лица, стари и изнемоштени лица и сл.? | Во врска со вашето прашање за подобност на одредени активности и трошоци, ве молиме следете ги насоките наведени во Упатството за аплицирање, дел. 2.2 Акции за кои може да се поднесе апликација и дел. 2.3. Подобност на трошоци. |
| П.1.8.<br>Би сакале да се информираме во врска со повикот за акциски грантови за локални иницијативи кој што го имате објавено. Еден од предусловите за аплицирање на овој повик е да се имаат завршено сите пет онлајн обуки на ГРЦ Академија, како од страна на носителот на апликацијата така и од страна на ко-апликантот. | Онлајн обуките се бесплатни, само треба да се регистрирате за да ги добиете на е-маил. |

Проектот е финансиран од Европската Унија

| | |
|---|---|
| Она што не интересира е дали обуките се бесплатни или се плаќа некаков надомест? | |
| П.1.9.<br>Детално го разгледавме Упатството за аплицирање  за Проект: „Акциски грантови за локални иницијативи“ 24 08 ГРЦ 501 Референтен број: 08-32/3-2024 и притоа ги поставуваме следните прашања:<br>1. Дали како потенцијални грантисти нашиот проект би бил предмет на ревизија? Ако одговорот е ДА, дали во буџетот треба да предвидиме трошоци за ревизија?<br>2. Дали сметководствени трошоци припаѓаат во групата на прифатливи трошоци?<br>3. Дали набавка на опрема би бил прифатлив трошок? | Почитувани<br>Подолу следуваат одговорите на вашите прашања:<br>1. Граѓански ресурсен центар како носител на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” во чии рамки е овој повик за регрантирање е предмет на ревизија.  Вашата организација (доколку добие субгрант во рамки на овој повик) нема директно да биде предмет на посебна ревизија и не треба да буџетирате трошоци за ревизија. Вие, доколку добиете субгрант во рамки на овој повик, имате обврска да ги обезбедите сите потребни документи што може да бидат побарани од ревизорот на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2”.<br>2. Да, но само сметководствените трошоци за потребите на проектот добиен на овој повик се подобни трошоци<br>3. Набавка на опрема може да биде прифатлив трошок само доколку е за потребите на проектот добиен на овој повик. |
| П.1.10.<br>Ве молам да ни одговорите дали услов за селекција за Локалните акции е учество во вашите обуки | Да. Во делот 2.1. Подобност на апликантите од Упатството за аплицирање за овој повик, меѓудругото е наведено дека носителот на апликацијата и ко-апликантот треба: да ги имаат завршено сите онлајн обуки од ГРЦ Академијата (Обука за планирање проекти и пишување проектна апликација, Стратешко планирање, |

| | |
|---|---|
| | Односи со јавност, Добро управување и Транспарентност и отчетност)<br>Петте онлајн обуки се достапни на следниот линк: https://rcgo.mk/akademija/<br>За секоја од обуките се регистрирате онлајн и на е-маил треба да ви стасаат видеата за да ги слушате. Кога се регистрирате задолжително ставете го името на вашата организација во делот Организација. Можете да се регистрирате во исто време (ист ден) за сите пет обуки. Не се наплаќа за регистрирање и следење на овие онлајн обуки. |
| П.1.11.<br>Ве молиме да ни дадете повеќе информации за онлајн обуките од ГРЦ Академијата.<br>Ние до сега немаме таква обука и дали може сега да учествуваме за да станеме подобни да поднесеме апликација? | Петте онлајн обуки се достапни на следниот линк: https://rcgo.mk/akademija/<br>Овие онлајн обуки се достапни за секој.<br>За секоја од обуките се регистрирате онлајн и на е-маил треба да ви стасаат видеата за да ги слушате. Кога се регистрирате задолжително ставете го името на вашата организација во делот Организација. Можете да се регистрирате во исто време (ист ден) за сите пет обуки. Не се наплаќа за регистрирање и следење на овие онлајн обуките. |
| П.1.12.<br>Дали доколку не сме ги завршиле сите пет обуки, а сме го пополниле онлајн инструментот за самооценка сме подобни да аплицираме за акцискиот грант? Дали ова се исклучувачки фактори? | Во Упатството за аплицирање на овој повик во делот 2.1. Подобност на апликантите е наведено дека носителот на апликацијата и ко-апликантот **треба да ги исполнуваат сите наведени критериуми** со цел да бидат подобни на овој повик. |
| П.1.13.<br>Во име на здружението, сакам да се регистрирам на онлајн-обуките кои се организирани од Вашата страна, како предуслов за апликација на огласот. | Регистрирањето за петте онлајн обуки се врши преку: https://rcgo.mk/akademija/. Ве молиме имајте предвид дека за секоја од петте онлајн обуки имате различен линк за регистрирање. |
| П.1.14. | Во Упатството за аплицирање за овој повик во дел 2.1.2. Ко-апликант е |

Проектот е финансиран од Европската Унија

| | |
|---|---|
| Ве замолувам за информација дали е по потребно организацијата апликант да обезбеди и ко-апликант или може и самостојно да аплицира? | наведено: Пријавите МОРА да имаат ЕДЕН НОСИТЕЛ НА АПЛИКАЦИЈА и ЕДЕН КО-АПЛИКАНТ. |
| П.1.15.<br>Дали за подобноста за аплицирање основен предуслов е да бидат завршени сите пет онлајн обуки од ГРЦ Академијата?<br>Ние како организација ги немаме поминато, и дали ова значи дека нашата организација нема да може да учествува на овој повик?<br>Беше спомнато дека има начин да се помине тоа за да се исполни условот, но не можев да регистрирам . | Во делот 2.1. Подобност на апликантите од Упатството за аплицирање за овој повик, меѓудругото е наведено дека носителот на апликацијата и ко-апликантот треба: да ги има завршено сите онлајн обуки од ГРЦ Академијата (Обука за<br>планирање проекти и пишување проектна апликација, Стратешко планирање, Односи со јавност, Добро управување и Транспарентност и отчетност)<br>Петте онлајн обуки се достапни на следниот линк: https://rcgo.mk/akademija/<br>За секоја од обуките се регистрирате онлајн и на маил треба да ви стасаат видеата за да ги слушате. Кога се регистрирате задолжително ставете го името на вашата организација во делот Организација. Можете да се регистрирате во исто време (ист ден) за сите пет обуки.<br>Не се наплаќа за регистрирање и следење на овие онлајн обуки. |
| П.1.16.<br>Ги ислушав сите онлајн предавања и учествував на квизот од сите области.<br>Како ќе знам јас дека обуките се поминати без да ви пишувам? | На крајот од секоја од петте обуки, откако ќе ги ислушате сите модули по обука, ќе ви стаса е-маил во кој ќе стои дека успешно сте ја поминале дадената обука. Тоа ќе ви покаже дека сте ја поминале таа обука. |
| П.1.17.<br>Нашата организација, аплицираше на повикот на Цивика мобилитас - Грантови за граѓански ангажман ЦМ-ГГА каде е доставена Самооценка на организациските капацитети, дали е потребно повторно он лајн да се пополни Самооценка за<br>повикот од Програмата: „ ЕУ | Доколку еднаш веќе ја имате пополнето и електронски испратено самооценката на организациски капацитети за вашата организација тогаш нема потреба повторно да ја пополнувате. |

Проектот е финансиран
од Европската Унија

| | |
|---|---|
| поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2“ | |
| П.1.18.<br>Дали партнерството е услов за поднесување на апликацијата за Локални иницијативи?<br>Дали е можно да се аплицира без партнерство? | Во Упатството за аплицирање за овој повик во дел 2.1.2. Ко-апликант е наведено: Пријавите МОРА да имаат ЕДЕН НОСИТЕЛ НА АПЛИКАЦИЈА и ЕДЕН КО-АПЛИКАНТ. |
| П.1.19.<br>Сакаме да аплицираме на повикот заедно со нашите долгогодишни соработници. И двете организации активно работат на локално ниво, меѓутоа ниту во статутот на едната, ниту во оној на другата организација не е декларативно наведено дека организацијата работи на локално ниво. Инаку, ниту ние ниту тие не сме во можност да најдеме партнери кои го исполнуваат овој ваш услов за повикот. Затоа, ве прашуваме дали ќе ни дозволите заедно да аплицираме на вашиот повик и дали ќе бидеме подобни според условите на повикот? | Во Упатството за аплицирање за овој повик, во делот 2.1.2. Ко-апликант стои дека ко-апликантот мора да ги исполнува сите наведени услови вклучително и критериумот: да дејствува на локално ниво (според Статутот). Односно, во Статутот треба да биде наведено дека организацијата дејствува и на локално ниво. |
| П.1.20.<br>Не интересира дали истите активности треба да ги спроведат апликантот и ко-апликантот? | Носителот на апликацијата (апликантот) и ко-апликантот немаат обврска да спроведуваат исти активности. |
| П.1.21.<br>Дали е задолжително во статутот на организацијата да стои зборот „**локално/и**“ кај делот делување, затоа што во **Статутот на нашата организација, членот** кој се однесува на делувањето гласи:<br>„**Организацијата ќе развива разни облици на соработка со други организации во земјата**<br>и во странство кои имаат сродни програмски цели **и ќе членува во** | Во Упатството за аплицирање за овој повик, во делот 2.1.2. Ко-апликант стои дека ко-апликантот мора да ги исполнува сите наведени услови вклучително и критериумот: да дејствува на локално ниво (според Статутот). Односно, во Статутот треба да биде наведено дека организацијата дејствува и на локално ниво. |

Проектот е финансиран од Европската Унија
ЕУ со ТЕБЕ

| | |
|---|---|
| **домашни<br>и меѓународни организации.“** | |
| П.1.22.<br>Имаме аплицирано со проектна идеа за која што не добивме финансиски средства. Дали можеме да аплицираме на овој повик со истата проектна идеа? | Да |
| П.1.23.<br>Поздрав до вас сакав да прашам во врска со проектот : „Акциски грантови за локални иницијативи“ дали може да се аплицира како носител ПРИВАТНА ФИРМА наместо ЗДРУЖЕНИЕ и како ко-апликант КЛУБ ЗА МАЛ ФУДБАЛ со крајна цел поддршка за локални иницијативи во делот на млади и спорт. | Во Упатството за аплицирање на овој повик, дел 2.1. Подобност на апликантите е наведено дека еден од условите што носителот на апликацијата мора да го исполнува е следниот услов:<br>- да биде регистриран во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ).<br><br>Дополнително еден од условите што ко-апликантот мора да го исполнува е:<br>- да биде регистриран во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ). |
| П.1.24.<br>Во врска со онлајн обуките, потребни ни се дополнителни информации, како ќе се одвива процесот на вреднување на стекнатите знаења од сите онлајн курсеви; кога ќе се случува тоа и на кој начин. | По завршување на секоја сесија од онлајн курсевите имате квиз за проверка на стекнатото знаење. Меѓутоа резултатите од овие квизови нема да се вреднуваат од наша страна при евалуација на вашата апликација на овој повик за акциски грантови. |
| П.1.25.а.<br>Ве молиме доколку сте во можност да не известите од која (бр.) линија од завршната сметка се подразбира вкупниот годишен буџет, како што е наведено во условите на повикот: „Годишниот буџет во претходната година (2023) да не надминува 50.000 ЕУР“ | Во Завршната сметка за 2023 година на организацијата, во Биланс на приходите и расходите проверуваме ВКУПНО ПРИХОДИ. Дополнително на ова, проверуваме во Биланс на состојба Обврски за примени донации во пари од меѓународни организации. |
| П.1.25.б.<br>Според податоците од завршна сметка, во линијата 250 - ВКУПНИ ПРИХОДИ се засметуваат и **пренесените средства од претходната година**, впрочем се тоа средства од нереализирани | Покрај проверка на Биланс на приходите и расходите проверуваме и Биланс на состојба каде што ќе конкретно проверуваме Обврски за примени донации во пари од меѓународни организации. |

Проектот е финансиран од Европската Унија

| | |
|---|---|
| активности/проекти со буџет **од претходната година**.<br><br>Во линијата 244, од завршната сметка, се прикажуваат „Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори“ што во сушност ја претставува виситнската сума на приходи во годината.<br><br>Заради погорното образложение, ќе Ве молам уште еднаш да ги разгледате приказите од форматот на завршната сметка и да ја земите во предвид нашата сугестија според која оценувајќи ја линијата 244 ќе поставите реален критерум за ГО со кој ќе ја добие вистинската слика од финансиското работење. | Следствено, доколку има средства пренесени од претходната година истите нема да се сметаат во ВКУПНИОТ ПРИХОД за таа година, но тоа треба да го провериме во билансите што се дел од Завршната сметка.<br>Во Упатството за аплицирање во дел 6. Административна, правна и финансиска верификација е наведено дека од сите апликанти чиишто предлози ќе бидат прелиминарно одобрени, може да биде побарано да доставаат дополнителни административни, правни и финансиски документи. |
| П.1.26.<br>Имаме основно прашање, за да се осигуриме дека нашите организации ги исполнуваат основните критериуми на повикот.<br><br>Предвиденитот носител на апликацијата е основан 08.06.2023, а регистриран 04.09.2023; дали исполнува услов за грант од овој повик?<br><br>Исто така, и двете организации се нови, без изведени проекти во 2023; дали тоа може да биде причина за да биде одбиена нивната апликација? | Во Упатството за аплицирање за овој повик во делот 2.1. Подобност на апликантите е наведено дека Носителот на апликацијата мора да е **регистриран** најмалку една година пред објавата на повикот. Повикот беше објавен на 2 септември 2024, односно организацијата **мора да биде регистрирана пред 2 септември 2023** година со цел да го исполни овој критериум за подобност на носител на апликација на овој повик.<br><br>Што се однесува до второто прашање поврзано со причините за одбивање на апликацијата, ве известуваме дека поднесените апликации подлежат на административна проверка, проверка на подобност и оценка за квалитетот. Апликациите мора прво да поминат низ административна проверка и проверка за подобност за да можат да се оценуваат за квалитетот. Оние апликации што нема да ги исполнат сите услови од административната проверка и |

| | |
|---|---|
| | проверката за подобност нема да бидат оценувани за квалитетот.<br>Критериумите за административната проверка и проверката за подобност можете да ги најдете во точките 4.1. и 4.2. од Упатството за аплицирање на овој повик. |
| П.1.27.<br>Во врска со повикот 08-32/3-2024 би сакале да добиеме одговори во врска со следните прашања:<br><br>1. Каков треба да биде соодносот за распределба на средствата помеѓу апликантот и ко-апликантот?<br><br>2. Колкав дел од средствата можат да се наменат за надомест за проектен координатор (апликантот) и помошник проектен координатор (ко-апликант)?<br><br>3. Дали се одобрува, преку проектот и проектните активности, да се промовираат приватни компании за одреден надоместок? *средствата би се искористиле за поефикасна реализација на проектните активности. | 1) Во Упатството за аплицирање нема наведено ограничување во однос на тоа каков треба да биде соодносот за распределба на средствата помеѓу носителот на апликацијата и ко-апликантот.<br>2) Во Упатството за аплицирање нема наведено ограничување во однос на тоа колкав дел од средствата можат да се наменат за надомест за проектен координатор (апликантот) и помошник проектен координатор (ко-апликант).<br>3) Во врска со вашето прашање за подобност на одредени активности и трошоци, ве молиме следете ги насоките наведени во Упатството за аплицирање, дел. 2.2 Акции за кои може да се поднесе апликација и дел. 2.3. Подобност на трошоци. |
| | |
| **Прашања поставени на Информативните сесии<br>во Гостивар, Штип, Битола и Скопје одржани на 20-25.09.2024** | |
| П.2.1.<br>Дали мора да ги имаме завршено обуките на ГРЦ академијата? | Во делот 2.1. Подобност на апликантите од Упатството за аплицирање за овој повик е наведено дека, меѓудругото, носителот на апликацијата и ко-апликантот треба: да ги има завршено сите онлајн обуки од ГРЦ Академијата (Обука за<br>планирање проекти и пишување проектна апликација, Стратешко планирање, Односи со јавност, Добро управување и Транспарентност и отчетност)<br>Петте онлајн обуки се достапни на следниот линк: https://rcgo.mk/akademija/ |

| | |
|---|---|
| | За секоја од обуките се регистрирате онлајн и на е-маил треба да ви стасаат видеата за да ги слушате. Кога се регистрирате задолжително ставете го името на вашата организација во делот Организација. Можете да се регистрирате во исто време (ист ден) за сите пет обуки. Не се наплаќа за регистрирање и следење на овие онлајн обуките. |
| П.2.2. Дали е неопходно да имаме партнер при апликација и дали има ограничувања од кој регион е партнерот? | Во Упатството за аплицирање за овој повик во дел 2.1.2. Ко-апликант е наведено: Пријавите МОРА да имаат ЕДЕН НОСИТЕЛ НА АПЛИКАЦИЈА и ЕДЕН КО-АПЛИКАНТ. Не постојат никакви ограничувања во однос на тоа од кој регион се носителот и ко-апликантот. |
| П.2.3. Дали е одреден соодносот на трошоците помеѓу апликант и ко-апликант, односно дали има правила во исплатата на грантот помеѓу нив? | Не е одреден никаков сооднос поврзан со поделба на трошоците помеѓу носителот на апликацијата и ко-апликантот. |
| П.2.4. Дали може да се ангажираат надворешни лица надвор од организацијата за спроведување на активностите на проектот со договор на дело? | Да, за спроведување на активностите од проектот, лицата може да се ангажираат и по Договор за дело. |
| П.2.5. Дали обуките на ГРЦ академијата се бесплатни? | Да |
| П.2.6. Дали потпишува договор само апликантот или и ко-апликантот? | Договорот за субгрантот го потпишува само носителот на апликацијата. Во Договорот има клаузули кои се однесуваат и на ко-апликантот. Носителот потпишува посебен договор за партнерство со ко-апликантот. |
| П.2.7. Што подразбира условот дека може една организација да аплицира само еднаш, | Во делот 2.1.3. Број на апликации од Упатството за аплицирање е наведено дека **на овој повик**, една организација може да се јави **само еднаш** и тоа: |

| | |
|---|---|
| дали тоа се однесува и на другите повици финансирани од ЕУ? | - **или како носител на апликациј**а<br>- **или како ко-апликант**.<br><br>**ВАЖНО**: Доколку некоја организација го нема испочитувано горенаведеното, автоматски ќе бидат одбиени сите апликации во кои таа организација се јавува како носител и/или ко-апликант. |
| П.2.8.<br>Дали онлајн обуките мора да ги слуша претседателот на организацијата? | Не, обуките може да ги слушаат оние членови на вашата организација кои се најрелевантни за темата која се слуша. |
| П.2.9.<br>Дали има евалуација од онлајн обуките? | На крајот од секој модул има квиз прашања по кои можете го оцените вашето знаење од областа која што сте ја ислушале. Бројот на добиени бодови што ќе го добиете при одговарање на прашањата од квизот **не е** критериум за бодување на вашата поднесена апликација. |
| П.2.10.<br>Дали двете организации (и носителот и ко-апликантот) ќе мора да ја спроведат процедурата во СЕП и двете да се ослободат од ДДВ? | Не, само носителот на апликацијата ја спроведува процедурата во СЕП и УЈП за ослободување од ДДВ. |
| П.2.11.<br>Дали ко-апликантот мора да отвори своја подсметка ослободена од ДДВ или носителот ќе може да плаќа за обврските на ко-апликантот? | Исто како и носителот, ко-апликантот ќе мора да отвори посебна подсметка ослободена од ДДВ и сам да ги плаќа своите трошоци. |
| П.2.12.<br>Кој се става во делот *Професионален капацитет* во точка 1.3. и точка 2.3. од Формуларот за аплицирање? | Како што е наведено во точка 1.3. и 2.3. Професионален капацитет, во Формуларот за аплицирање, кај број на персонал треба да се внесат: Платени, вработени (со договор) или хонорарно ангажирани (со договори на дело/за привремени и повремени работи). |
| П.2.13.<br>Дали постои % на поделба на трошоците меѓу петте буџетски линии: Човечки | Не, во Упатството не е пропишан одреден % на поделба на трошоците меѓу петте буџетски линии: Човечки ресурси, Транспорт, Канцеларија, |

| | |
|---|---|
| ресурси, Транспорт, Канцеларија, Директни и Други трошоци? | Директни и Други трошоци. Поделбата помеѓу овие пет буџетски линии треба да ја направите според планираните активности и потребните ресурси за спроведување на тие активности. |
| П.2.14.<br>Дали носителот и ко-апликантот мора да се од ист регион на делување? | Може, но не мора. Во Упатството за аплицирање не постојат никакви ограничувања во однос на тоа од кој регион треба да се носителот и ко-апликантот. |
| П.2.15.<br>Дали апликацијата мора да биде поднесена од две организации? | Да. Во Упатството за аплицирање за овој повик во дел 2.1.2. Ко-апликант е наведено: Пријавите МОРА да имаат ЕДЕН НОСИТЕЛ НА АПЛИКАЦИЈА и ЕДЕН КО-АПЛИКАНТ. |
| П. 2.16.<br>Дали во износот од 400 евра кој мора да се предвиди во ставка 5. Други трошоци влегуваат и патни трошоци? | Да. Во Упатството за аплицирање за овој повик во дел 2.3. Подобност на трошоци е наведена **Напомена:** Во рамки на буџетот побаран од ГРЦ грантистите се обврзани во ставката **5. Други трошоци** да вклучат транспортни трошоци и трошоци за ноќевање со полн пансион за учество на најмалку двајца претставници (еден од носителот на апликацијата и еден од ко-апликантот) на две Средби за вмрежување за времетраење на грантот, во износ од 400 евра (24.580 мкд). |
| П. 2.17.<br>Дали активностите мора да се реализираат во регионот од каде што се носителот и/или ко-апликантот? | Може, но не мора. Во Упатството не е не постојат никакви ограничувања во однос на тоа во кој регион треба да се реализираат активностите. |
| П.2.18.<br>Ако ко-апликантот е новорегистриран и нема Наративен и Финансиски извештај за 2023 година како ќе се исполни тој критериум? | Ако ко-апликантот е новорегистриран (во 2024 г.) и нема Наративен и Финансиски извештај за 2023 година, тоа ќе го наведете во Формуларот за аплицирање во колона *Забелешки* во точка 9. Листа за проверка (во прашање: Приложени се бараните наративни и финансиски |

Проектот е финансиран
од Европската Унија

| | |
|---|---|
| | извештаи за 2023 година на носителот на апликацијата и на ко-апликантот). |
| П. 2.19.<br>Дали побараниот буџет може да биде под 9000 евра? | Не. Како што е наведено во Упатството за аплицирање, точка *1.4. Расположливи средства и распределба на финансиите*, износот на секој поединечен грант може да биде:<br>• **минимален износ: <u>9.000 евра (553.050 МКД);</u>**<br>• **максимален износ: <u>10.000 евра (614.500 МКД).</u>** |
| П. 2.20.<br>Дали има некој минимален или максимален % кој мора да оди кај ко-апликантот? | Не.  Во Упатството за аплицирање не е наведен таков услов. |
| П.2.21.<br>Дали релевантното искуството кое што ќе го наведеме во точките 1.6. и 2.6 од Формуларот за аплицирање ќе носат многу бодови при оценувањето? | Комисијата за избор на грантови ќе го оценува квалитетот на апликациите согласно табелата дадена во Упатството за аплицирање, точка 4.3. Оценка на квалитет |
| П. 2.22.<br>Дали сите членови од организацијата ќе мора да ги поминат сите онлајн обуки? | Не. Доволно е организацијата еднаш да ги помине наведените обуки, без разлика кој нејзин член тоа ќе го направи. Препорачуваме обуките да ги слушаат оние членови на вашата организација кои се најрелевантни за темата која се слуша. |
| П. 2.23.<br>Како ќе се исполни критериумот за поднесување на финансиски извештај ако организацијата има буџет под 2.500 евра и нема финансиски извештај? | Организацијата ќе треба да ја достави Одлуката поднесена до Централен регистер дека  не е обврзана да доставува финансиски извештај бидејќи има буџет под 2.500 евра (во денарска противвредност). |
| П. 2.24.<br>Дали за проектот ќе треба да се креира посебна веб страна? | Не |
| П. 2.25.<br>Дали има критериум од кој град/регион треба да бидат носителот и ко-апликантот? | Не. Во Упатството за аплицирање не е наведен ваков критериум. |

| | |
|---|---|
| П.2.26.<br>Кој е временскиот период на започнување на иницијативата и кога најдоцна треба да заврши? | Прелиминарната временска рамка е дадена во точка 8 од Упатството за аплицирање. Ве молиме имајте предвид дека оваа временска рамка може да се промени. ГРЦ може да ја ажурира временска рамка во било кое време. Поради тоа, ги поттикнуваме апликантите редовно да ја проверуваат веб-страната: https://rcgo.mk |
| П.2.27.<br>Дали организациите може да работат и во друг град, надвор од нивното седиште? | Да. Во Упатството за аплицирање нема наведено ограничување во однос на тоа дека организациите мора да имаат активности само во нивното седиште. |
| П.2.28.<br>Во формуларот за аплицирање во делот Релевантно искуство на апликантот, дали треба да се стави вкупниот буџет од донаторот или само буџетот од донаторот доделен за нашата организација? | Во формуларот за аплицирање во делот Релевантно искуство на апликантот ставете го вкупниот буџет од донаторот, а во заграда наведете го буџетот доделен за вашата организација. |
| П.2.29.<br>Дали трошоците за персонален данок се подобни? | Да, персоналниот данок е подобен трошок. Не се признава само трошокот за ДДВ. Како што е наведено во точка 1.4. од Упатството за аплицирање, Планираните буџетски трошоци треба да бидат изразени во денари и без данок на додадена вредност (ДДВ). |
| П.2.30. Дали носителот на апликацијата и ко-апликантот може да се поврзани субјекти? | Да |

Проектот е финансиран од Европската Унија
ЕУ со ТЕБЕ